ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА  УЧИЛИШТЕТО

СУГС “ЦВЕТАН ДИМОВ“ СКОПЈЕ

ЗА УЧЕБНАТА 2022/23 ГОДИНА

Скопје Август, 2023 година

Содржина


1. Лична карта на училиштето…………………………………………… 3

   Општи податоци

2. Вовед……………………………………………………………………… 3

3. Организација на работата на училиштето...........................................6

   3.1.Организациска поставеност и организираност

   3.2. Материјално-техничка подготовка

   3.3.Организација на наставниот процес

   3.4.Наставен и ненаставен кадар

   3.5. Реализација на Годишната програма за работа

   3.6.Извештај за успехот и редовноста на учениците

   3.7.Награди и пофалби

   3.8.Програмирани содржини од училиштето

   3.9.Извештај за државна матура и завршен испит

4. Реализација на наставата.....................................................................18

5. Воннаставни активности реализирани во учебната година.................19

6. Работа на управните и стручните органи и тела..................................24

   6.1. Училишен одбор

   6.2.Наставнички совет на училиштето

   6.3. Совет на годината и паралелките

   6.4.Совет на родители

   6.5.Раководители напаралелките

   6.6 .Менаџерски тим на училиштето

   6..Активи

7. Извори на финансирање.......................................................................27

8. Соработка со медиуми.........................................................................27

## 1. Лична карта на училиштето

### Општи податоци

Име на училиштето: Средно училиште на Град Скопје "Цветан Димов" Скопје
Адреса: ул.Џон Кенеди бр. 16 Општина: Чаир Место: Скопје
Тел: 02 2611 530 Факс: 02 2616 354 Е-маил: sugs-cvetandimov-schools.mk
Основано од: Град Скопје
Верификација – број на акт: 132/06
Година на верификација: 11.04.2006
Местоположбата на училиштето: Училиштето се наоѓа во општина Чаир, која има развиена инфраструктура.
Директор на училиштето: Сакип Аџами

## 2. Вовед

Постоењето и работата на училиштето започнува од далечната 1925/26 година како Трговска Академија во Скопје. Нејзиното формирање претставува еден вид на продолжување, односно прераснување на веќе постојната двегодишна трговска школа на степен на академија со привилегиите кои ги уживала Државната Трговска Академија во Белград. Иницијативата за основање на Академијата произлегува од управата на тогашната Трговско-индустриска комора во Скопје, по која првата генерација на ученици се запишува во учебната 1925/26 година.
По окупацијата на Македонија од страна на Бугарија во 1941 година Трговската Академија се преименува во Трговска гимназија.Во прв клас се запишувале ученици кои завршиле трет клас гимназија, а учењето во Трговската гимназија траело 5 години.
Училиштето како Трговски училишен центар – Скопје е основано со Решение на Совет за просвета на НРМ од 28.10.1954.
Во учебната 1980/81 година во Трговски училишен центар – Скопје, со седиште во СУГС "Арсение Јовков" се префрлуваат трговски паралелки на албански наставен јазик кои дотогаш работат во состав на гимназијата "Зеф Љуш Марку". Во истата година е воведен нов образовен профил аранжер-техничар, со четиригодишно траење, со по една паралелка во учебна година.
Што се однесува до гимназиското образование од 07.11.1894 година во Македонија е формирана машка гимназија која работи се до распаѓањето на стара Југославија (создадена пред Втората светска војна). Нејзиното постоење егзистира и за време на Втората светска војна, но во тешки услови.

Во 1945 година таа машка гимназија го добила името "Цветан Димов" и како таква останува се до 1952 година. Од учебната 1952/53 година во неа почнуваат да се запишуваат и ученици од женски пол, па така гимназијата "Цветан Димов" го добива ликот на гимназија за двата пола што опстојува до учебната 1985/86 година. Од таа учебна година во нејзините простори (зграда) се сместуваат трговски паралелки (гимназиските паралелки со воведувањето на насоченото образование се прелоцираат во "Јосип Броз Тито") и станува Трговски училишен центар "Цветан Димов".

Имајќи го во предвид историското потекло и развојот на училиштето од учебната 1998/99 година во училиштето се школуваат и ученици од гимназиско образование, за разлика од претходните години.Со тоа се продолжуваат традициите на две училишта, кои по своето формирање и постоење се многу стари и први училишта формирани на просторот на Република Македонија (Трговска Академија и машка гимназија "Цветан Димов").

Од учебната 2004/05 година во училиштето од трговската струка се воведува образовниот профил асистент за трговија и маркетинг што претставува соодветна замена за образовниот профил аранжер, односно профил кој соодветствува со современиот општетствен развој.На овој начин училиштето ја продолжува традицијата и ги прати современите трендови.

Во учебната 2005/06 година е направена измена на наставниот план и програма и се преименува називот Асистент за трговија и маркетинг во Техничар за трговија и маркетинг.Во истата учебна година во училиштето се воведува профилот Економски техничар.

Во учебната 2013/14 година во економско правната и трговската струка се воведе нов образовен профил со тригодишно траење на образование – продавач.

Во учебната 2015/16 година се воведува нова струка односно здравствена струка на албански наставен јазик, со образовните профили: медицинска сестра, забен техничар и фармацевтски лабараториски техничар, а кај економско правната и трговската струка се воведува новиот образовен профил правен техничар.

Поставените задачи, од своето постоење па се до денешен ден училиштето успешно ги извршува. Учениците кои завршиле во ова училиште гимназиско образование и тие од трговската струка, даваат голем допринос во унапредувањето на целокупниот живот во Република Северна Македонија. Многу од нив денес се познати јавни личности, бизнисмени и видни граѓани.

СУГС "Цветан Димов" Скопје е модерно училиште со современи наставни планови и програми во кое наставата се одвива на два наставни јазици: албански и турски јазик. Во училиштето има четиригодишно и тригодишно образование: четиригодишно, економско правна и трговска струка – образовни профили: економски техничар,бизнис

администратор и правен техничар на албански наставен јазик и економски техничар на турски наставен јазик; здравствена струка со профили медицинска сестра,фармацевски лабораториски техничар и забен техничар на албански наставен јазик, тригодишно образование – референт за продажни услуги на албански наставен јазик.

## МИСИЈА

СУГС “Цветан Димов“ Скопје претставува средина во која се создадени и се практицираат максимални услови за користење на ефективни образовни техники и технологии кои ќе му помогнат на секој ученик да постигне најмногу што може. Тоа му овозможува по завршувањето да продолжи со образованието или активно да се вклопи во предизвиците на пазарот на трудот и во општественото живеење.Училиштето претставува безбедна средина во која има партнерски однос со семејството на ученикот.

Целта на училиштето е овозможување на учениците оптимален инидивидуален развој во согласност со нивните предиспозиции и возраста, развивање на чувство на одговорност, почитување на граѓанските права и обврски, меѓусебно разбирање, толерантност, правата на човекот, живеење во заедницата, подготвеност за иницијативност и креативност, за брзо и соодветно реагирање на промените, правилен физички и психички развој и одговорност за сопственото здравје.

Училиштето ги има зацртано следните принципи врз кои се заснова неговата целокупна работа:

- подобрување на училишната клима
- дидактичко-методска подготовка на наставниците за поуспешно реализирање на наставните планови и програми, а со тоа и учениците да се здобијат со квалитетни знаења
- висок степен на педагошко следење, раководење и насочување на сите подрачја од воспитно-образовната дејност
- поголема соработка помеѓу стручните активи и советите на паралелките во насока на поквалитетна воспитно-образовната дејност
- учениците да се вклучуваат во проекти со цел здобивање на знаења, експонирање на индивидуалните способности
- стручно и ефикасно користење на компјутерската технологија
- унапредување на соработката со родителите, бизнис партнерите и локалната заедница
- подигање на еколошка свест кај учениците

**ВИЗИЈА**

**Мото на училиштето: Погледни во себе – Види ја иднината**

Модерна, современа, ефикасна и квалитетна настава, прилагодена на потребите, интересите и можностите на учениците во една безбедна и позитивна училишна клима.

Сакаме училиште во кое наставата ќе се реализира со примена на современи нагледни средства и интерактивни методи.Со стекнување на навики и вештини ќе се јакнат хуманите и моралните вредности на личноста, а со тоа и нивните физички и интелектуални способности.Така ќе се создава активен и одговорен однос кон себе и средината, што ќе ја јакне смислата за живот и мир, толеранција, разбирање и соработка во демократско и граѓанско општество.Младите ќе се оспособат за усвојување знаења, стекнување вештини и навики кои ќе бидат основа за продолжување на нивното образование и вклучување во процесите на работа.Сакаме училиште кое постојано учи.Сакаме училишна клима во која ќе постои демократски однос меѓу наставниците, учениците, стручните соработници и останатите вработени.

Сето ова би го оствариле со постигнување на следните цели:

- мотивирање на наставниците за следење на современи тенденции во наставата, стремеж кон квалитетен наставник
- создавање на услови за употреба на современи нагледни средства
- обезбедување на солидниуслови за реализација на наставата
- воведување на кабинетска настава
- обезбедување на солидни услови за реализација на проекти, вон наставата
- соработка со други училишта во земјата и надвор од неа, поради унапредување на воспитно образовниот процес

## 3.Организација на работата на училиштето

Површина на објектот: 6 356 м/2

Површина на училишниот двор: 7 350 м/2

Површина на спортските терени и игралишта: 840 м/2

Година на изградба:1972

Тип на градба: тврд материјал

Начин на загревање на училиштето: централно парно

Јазик на кој се изведува наставата: албански и турски јазик

Училиштето работи во двесмени и тоа од 7.30 и 13.30 часот

Број на паралелки: 42

Број на ученици:1174

Образование:стручно образование

## 3.1.Организациска поставеност и организираност

- Орган на управување – Училишен одбор
- Орган на раководење – Директорот на училиштето заедно со помошниците на директорот
- Стручни органи на училиштето: Наставнички совет и Совет на паралелките
- Активи на наставниците: литературно јазичен актив, општествено хуманистички актив, природно математички актив , актив на стручни здравствени предмети и актив на стручно економски предмети.
- Секретар на училиштето ги организира домаќинот-економот, хаусмајсторот, хигиеничарите
- Стручни соработници: педагози.психолог.дефектолог и библиотекар
- Совет на родителите ја координираат помошниците директории стручната служба

## 3.2.Материјално-техничка подготовка

Во рамките на расположливите финансиски средства обезбедени од Буџетот на РСМ, како и средства стекнати по основ на сопствени приходи на училиштето, спроведени се постапки за набавка на стоки, услуги и работи во функција на подобрување на материјално-техничките услови за работа и учење. Во изминатите години направени се многу санации и реновирање во училиштето. Оваа година во сите училници има нови клупи и кабинет за јавни настани опремена со смарт табла и проектор.Разубавувани се сите школски зидови по ходниците со разни цртежи со шкиолски мотиви од страна на нашите талентирани ученици..

Во рамките на Законот за средно образование, Градот Скопје обезбедува бесплатни возни билети за учениците, а училиштето врши дистрибуција на истите.

Во соработка со Педагошката служба во МОН, учениците добија бесплатни учебници, но сепак има недостаток на учебници од повеќе наслови на сите наставни јазици.

## 3.3.Организација на наставниот процес

Воспитно образовниот процес во С.У.Г.С „Цветан Димов-Скопје ,во наставната година 2022/23 година се одвиваше според Годишната програма за работа на училиштето која беше усвоена на седница на Училишниот одбор,Одржана на 30.08.2022 година .Предложена од Директорот до наставничкиот совет ,програмата беше утврдена на седница одржана на 26.08.2022 година ,во согласност со календарот за организација

на учебнта година  2022/23 година ,донесен од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.
Наставата во учебната 2022/23 година започна на 1 септември 2022 година, а заврши на 9 јуни 2023 односно 18 мај 2023 година за учениците од завршните години, при што се реализираа 180 наставни денови за учениците од незавршните години, а за учениците од завршните години 166 наставни денови.
Зимскиот распуст започна на 31декември  и траеше до 17 јануари 2023година, а второто полугодие започна на 18 јануари 2023 година.Летниот распуст запошна на  10 јуни и заврши на  31 август 2023 година.
Календарот за работа на Училиштето беше усогласен со календарот на МОН за начинот на организација на учебната 2022/23 година во јавните средни училишта.
Училиштето работи во две смени и тоа со почеток од 7.30 и 13.30 часот до крајот на учебната година.  Во едната смена учат учениците од прва и трета година,  а во другата смена учениците од втора и четврта година, без разлика на кој наставен јазик ја посетуваат наставата.
Распоредот на часовите го прави наставник вработен во училиштето во соработка со директорот и помошниците на директорот. Тој се изработува во текот на август, па така учебната година стартуваше со подготвен и истакнат распоред.

Во СУГС “Цветан Димов“ Скопје во учебната 2022/23 година се образуваат ученици од:

Стручно образование со настава на албански и турски наставен јазик:
-Здравствена струка со четригодишно траење со три оброзовни профили:
1.медицинска сестра,(од прва до четврта година) на албански наставен јазик
медицинска сестра(прва година) на турски наставен јазик
2.фармацевтски техничар (од прва до четврта година) на албански наставен јазик
3.  забен техничар.(од прва до четврта година) на албански наставен јазик
-Економија,право  и трговска струка со четригодишно траење со три образовни профили:
1.економски техничар(од прва до четврта година ) на албански јазик
економски техничар (од прва до четврта година) на турски наставен јазик
2.бизнис администратор(од прва до четврта година) на албански наставен јазик
4.правен техничар (од прва до четврта година ) на албански наставен јазик

-Економско правна и трговска струка со тригодишно траење,на албански јазик,образовен профил Референт за продажни услуги.

Број на паралелки и ученици по профили: 42 паралелки,1174 ученици

| Здравствена струка | | | Економско правана и трговска струка | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | Паралеки | Ученици | Година | Паралеки | Ученици | Година | Парал | Ученици |
| I | 5 | 145 | I | 7 | 216 | I | 12 | 361 |
| II | 4 | 132 | II | 7 | 169 | II | 11 | 301 |
| III | 4 | 134 | III | 6 | 149 | III | 10 | 283 |
| IV | 4 | 126 | IV | 5 | 103 | IV | 9 | 229 |
| Gjithsej | 17 | 537 | | 25 | 637 | | 42 | 1174 |

## 3.4.Наставен и ненаставен кадар

| | вкупно | | Етничка и полова структура на вработени | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Макед | | Албан | | Турци | | Роми | | други | |
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 42 | 80 | 2 | 14 | 35 | 60 | 3 | 3 | / | 1 | 1 | 3 |
| Број на наставен кадар | 34 | 65 | 1 | 9 | 31 | 51 | 1 | 3 | / | / | 1 | 2 |
| Број на стручни соработници | 1 | 4 | / | 1 | 1 | 3 | / | / | / | / | / | / |
| Административни работ. | / | 2 | / | / | / | 2 | / | / | / | / | / | / |
| Техничка служба | 6 | 9 | 1 | 4 | 2 | 4 | 2 | / | / | 1 | / | 1 |
| Директор | 1 | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / |

Степен на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Високо образование | 106 |
| Виша стручна спрема | / |
| Средно образование | 16 |

Старосна структура на вработени

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 10 |
| 31-41 | 58 |
| 41-50 | 28 |
| 51-60 | 22 |
| 60- пензија | 4 |

Во текот на учебната година наставата се изведуваше по сите наставни предмети кои се предвидени со наставниот план за економско-правната и трговската струка. Во рамките на наставата, учениците ги стекнуваат неопходните теоретски знаења, како и практични умеења и вештини за активно учество во здравствената и во економско-правната и трговската струка.
Кадровските потенцијали кои го реализираат воспитно-образовниотпроцес, го сочинуваат: директорот, помошниците на директорот, стручната служба, наставници по општообразовни предмети и стручни предмети, библиотекар.
Во текот на учебната 2022/23 година, се настојуваше пред се, да се користи интерактивна настава со употреба на разновидни наставни методи (дијалошки, монолошки, илустративен, демостративен, разговор, дискусија, презентација, метод на истражување), наставни форми (фронтална, групна, во парови, индивидуална), наставни техники ( бура на идеи, круг, дневник во две колони, сложувалки, загатки, грозд техника), употребана различни наставни средства и помагала (карти, линеар, геометриски тела, дигитрон, учебници, табла, наставни ливчиња, материјали за работа во група).

### 3.5.Реализација на годишната програма за работа

Анализирајќи ја работа на СУГС "Цветан Димов" Скопје во учебната 2022/23 година, може да констатираме дека начелата зацртани во Годишната програма за работа се делумно реализирани во рамките на просторните и кадровските можности со кои располага училиштето.
Годишната програма за вопитно-образовната работа на СУГС "Цветан Димов" Скопје е изготвена врз основа на анализата на состојбата и проблемите во остварувањето на воспитно-обазовната дејност, како и програмските обврски содржани во постојните и новите наставни планови и програми за средно образование.

При изготвување на Програмата во предвид се земени предлозите, мислењата и заклучоците кои се усвоени од органите за воспитно-образовната работа на Училиштето, а особено при утврдување на конкретните обврски и задачи преку неколку суштински определби:

-целокупната воспитно-образовна дејност на Училиштето да се сфати во функција на подобрување на успехот по сите наставни предмети

-да се постигне висок степен на педагошко следење, раководење и насочување на сите подрачја од воспитно-образовната дејност, како и педагошкото ангажирање на целикупниот воспитно-образовен кадар во Училиштето

-програми од обласата на воспитно-образовниот процес за работа на класните часови преку образование за животни вештини

-особено внимание се посвети на вонаставните активности: меѓуетничка интеграција во образованието

-Учениците од четврта година беа вакцинирани според календарот за здравствено работење на ЈЗО, а и беа организирани предавања како превентива од пушење, алкохолизам и наркоманија.

**-Проектот Советување на родителите на учениците** кои имаат изостаноци, недоволен успех и несоодветно однесување, се реализираше во текот на целата учебна година. На групното советување присуствуваа 50 родители и 62 ученици, пред се од прва и втора година кои ги искажува своите проблеми во однос на своите деца. Стручната служба со совети им помагаше на родителите за да се пребродат проблемите, што всушност е и цел на овој проект

**-Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем**

Наставниците во своите планирања имаа предвидено часови со еколошки содржини, кои и ги реализираа, со цел подигање на еколошката свест кај младите

## 3.6.Извештај за успехот и редовноста на учениците

Следењето и вреднувањето на постигањата на учениците се остварува според Правилникот за начинот на следење проверување и оценување, полагање на испити и напредување на учениците во средното образование (Сл.весник на РСМ бр.39/02). Според одредбите на Правилникот знаењата и вештините на учениците по одделни предмети се оценуваат во согласност со целите и задачите утврдени со наставната програма. Современата концепција суштината на оценувањето ја согледува во контекс на евалуацијата на целокупниот воспитно-образовен процес, нивото на усвоени содржини, нивото на стекнатите вештини и примена на знаењата, нивото на развиеност на мисловните процеси и формирањето на општи ставови.

На Советите на паралелки по класификациони периоди редовно се врши разгледување и анализирање на успехот, редовноста и поведениото на учениците, се собираат податоци за следење на континуираноста на оценувањето, дидактичката разновидност на методите, формите и средствата за оценување и степенот на разработеноста на критериумите за оценување, се предлагаат мерки за развој и унапредување на наставниот процес во функција на подобрување на успехот.
Може да се констатира дека успехот на учениците е во благ пораст во споредба со изминатите години.

Вкупно: 42 паралелки, 1174 ученици

| I година 12 паралел | | II година 11паралел | | III година 10 паралел | | Ivгодина 9паралел | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| машки | женски | машки | женски | машки | женски | машки | женски |
| **133** | **228** | **112** | **189** | **108** | **175** | **88** | **141** |
| **361** | | **301** | | **283** | | **229** | |

На албански наставен јазик : 37 паралелки, 1092 ученици

| I година 10 паралел | | II година 10 паралел | | III година 9 паралел | | IV година 8 паралел | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| машки | женски | машки | женски | машки | женски | машки | женски |
| **119** | **205** | **103** | **180** | **103** | **168** | **76** | **138** |
| **324** | | **283** | | **271** | | **214** | |

На турски наставен јазик : 5 паралелки, 82 ученици

| I година 1 паралел | | II година 1 паралел | | III година 1 паралел | | IV година 1 паралел | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| машки | женски | машки | женски | машки | женски | машки | женски |
| **14** | **23** | **9** | **9** | **5** | **7** | **12** | **3** |
| **37** | | **18** | | **12** | | **15** | |

Ученици со позитивен успех и негативен

| | Одличен успех | | Мн.добар успех | | Добар успех | | Доволен успех | | Повторувачи | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | | % | | % | | % | | |
| Прва г.361 уч. | 80 | 22% | 70 | 19% | 132 | 37% | 79 | 22% | / | |
| Втора г.301 | 77 | 26% | 61 | 20% | 108 | 36% | 55 | 18% | | |
| Трета г. 283 | 93 | 33% | 28 | 10% | 104 | 37% | 58 | 20% | | |
| Четврта г.229 | 78 | 34% | 48 | 21% | 74 | 32% | 29 | 13% | | |
| Вкупно1174 | **328** | **28%** | **207** | **18%** | **418** | **35%** | **221** | **19%** | | |

Ранг листа на успех според класови

| Р.б | Прва година | | Втора година | | Трета година | | Четврта година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1/12 | 4.7 | 2/1 | 4.2 | 3/3 | 4.8 | 4/2 | 4.4 |
| 2 | 1/1 | 4.2 | 2/2 | 4.1 | 3/1 | 4.2 | 4/3 | 4.1 |
| 3 | 1/3 | 4.0 | 2/3 | 4.0 | 3/2 | 4.1 | 4/4 | 4.0 |
| 4 | 1/2 | 3.7 | 2/4 | 3.6 | 3/4 | 3.9 | 4/1 | 3.8 |
| 5 | 1/4 | 3.6 | 2/5 | 3.6 | 3/8 | 3.2 | 4/6 | 3.2 |
| 6 | 1/11 | 3.4 | 2/6 | 3.6 | 3/10 | 3.2 | 4/7 | 3.2 |
| 7 | 1/8 | 3.3 | 2/8 | 3.5 | 3/5 | 3.1 | 4/8 | 3.2 |
| 8 | 1/6 | 3.3 | 2/7 | 3.1 | 3.6 | 3.1 | 4/5 | 2.9 |
| 9 | 1/5 | 3.1 | 2/10 | 3.0 | 3/7 | 2.8 | 4/10 | 2.6 |
| 10 | 1/7 | 2.7 | 2/11 | 2.8 | 3/9 | 2.3 | / | / |
| 11 | 1/9 | 2.6 | 2/9 | 2.5 | / | / | | |
| 12 | 1/10 | 2.3 | | | | | | |
| Среден успех | | **3.5** | | **3.6** | | **3.6** | | **3.0** |

Од табелата може да се забележи дека највисок успех во прва година постигна паралелката 1/12 од здравствената струкаобразовен профил -медицинска сестра на турски наставен јазик, во втора година 2/1-здравствена струка-медицинска сестра,трета година 3/3 –здравствена струка-фармацевтски техничар и четврта година исто така од здравствената струка 4/2-мдицинска сестра.

Најслаб упех покажаа паралелките 1/10 од економско правна струка со тригодишно траење,образовен профил референт за продажни услуги ,со настава на албански јазик ,со просек 2,3 од втора година паралелката 2/9 исто од економска струка ,образовен профил референт за продажни услуги 2.5,од трета година паралелката 3/9 со просек 2.3 од

економска струка ,референт за продажни услуги ,со настава на албански јазик и од четврта година паралеката 4/10 со 2,6 економски техничар со настава на турски јазик.

Среден успех по профил и струки

| Образовна струка | I година | II година | III година | IV година |
|---|---|---|---|---|
| Здравствена струка | 4.0 | 4.0 | 4.2 | 4.0 |
| Економско правна и трговска струка | 3.0 | 3.2 | 3.0 | 3.0 |
| Среден успех по години | 3.5 | 3.6 | 3.6 | 3.5 |
| Среден успех на училиштето 3.55 | | | | |

Од табелата може да се забележи дека учениците во здравствената струка по сите години покажуваат значително подобар успех од економско правна и трговската струка што е позитивно но средниот успех на училиштето е во благ пораст од претходната година(3,44

На почетокот на учебната година, речиси сите наставници (од општообразовните предмети) реализираат проверка на знаењето на учениците од прва година, со цел да имаат увид во претходното знаење на учениците, односно со колкав фонд на знаење доаѓаат во средното образование. Резултатите се задоволнителни во здравствената струка додека во економско –правна и трговската струка се незадоволнителни.

Редовност на учениците, просек на изостаноци по ученик

| Образовен профил | I година | | II година | | III година | | IV година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Оправ | Неопра | Оправ | Неопра | Оправ | Неопра | Оправ | Неопра |
| Здравствена | 1229 | 178 | 1306 | 486 | 372 | 332 | 1888 | 441 |
| ЕПТ | 2537 | 1384 | 1359 | 578 | 765 | 462 | 1562 | 457 |
| Вкупно | 3766 | 1562 | 2665 | 1064 | 1137 | 794 | 3450 | 898 |
| Просек по години | 5328<br>14 за ученик | | 3729<br>12 за ученик | | 1937<br>6 за ученик | | 4348<br>18 за ѕченик | |
| Вкупно на ниво на училиште 15342 изостаноци Просек на училиштето 13 за ученик | | | | | | | | |

Може да се констатира дека изостанувањето од наставата е најголемо во прва година , а најмало во трета година.За изостаноците се преземени мерки од страна на класните

раководители со стручната служба преку изрекување на педагошки мерки и сиветување на учениците и родителите со цел да се намали бројот на изостаноци кај учениците.

Изречени педагошки мерки

| Година | Класен раководител | Совет на паралелка | Директор | Наставнички совет Предотстранување | Наставнички совет Отстранување |
|---|---|---|---|---|---|
| I | 6 | 7 | 11 | 1 | 3 |
| II | 3 | 9 | 3 | 2 | 1 |
| III | 5 | 2 | 4 | / | / |
| IV | 10 | 8 | 3 | / | / |
| Вк. | 24 | 26 | 21 | 3 | 4 |

Од постигнатиот успех раководните органи, активите и советите на години за разлика од претходните године се позадоволни бидејќи средниот успех на училиштето се подобрува , па затоа треба сите заедно да настојуваме за постигнување на квалитетни и трајни знаења, оценувањето на биде пообјективно. Тенденција претставува и стимулирање на редовно и континуирано ангажирање во текот на целата учебна година, со напомена дека треба поинтезивно и многу повеќе да се работи а подобрување на редовноста на учениците.

Во насока на подобрување на воспитно-образовната работа интезивирана е соработката со родителите и старателите на учениците, одржани се предвидените родителски средби, состаноци на Советот на родителите, а секој раководител на паралелката и предметен наставник во рамките на приемните денови остваруваше средби со родителите, односно старателите на родителите.

Согласно измените и дополнувањата на Законот за средно образование, во училиштето се реализираа советувања на родителите на учениците кои имаа 3 и повеќе слаби оценки и повеќе од 10 неоправдани изостаноци.

## 3.7. Награди и пофалби

Наставничкиот совет,а по предлог на  класните раководители и оваа учебна година доделува признанија,пофалници и пригодни подароци на учениците кои дале свој придонес во афирмација  на училиштето пред јавноста.

,,Најдобар ученик ’’ за IV(четврта)година за учебната 2022/23:

- од паралеките од здравствената струка на албански наставен јазик Семра Камберова од 4/2 -здравсрвена струка ,медицинска сестра и Румеса Авди од 4/1-медицинска сестра.
- од паралелките од економско правна и трговска струка Фатина Исени 4/6 -економски техничар , Албина Таири од 4/8-правен техничар  настава на албански јазик.

,,Ученик на генерација'':

- Зерина Чупи –од паралелката  4/2-здравствена струка ,образовен профил-медицинска сестра

На крајот од учебната 2022/23 година на предлог  од класните раководители за ,,Најдобар ученик'' за прва година, втора и трета година Наставничкиот совет ги прогласи:

- Од I( прва) година:Илфет Сејди од 1/1-медицинска сестра ,Мердије Абди-од  1/3 фармацевтски техничар ,Мерјем Исеновска од 1/12 -медицинска сестра,турски наставен јазик, Румеса Рамадани -од 1/6 -економски техничар,Мелда Селманова од 1/11-економски техничар,турски наставен јазик.
- Од II( втора) година:Влерона Мустафа од 2/1 -медицинска сестра,Амра Чупи  од 2/3 -фармацевтски техничар,Амела Арифи  од 2/6 -економски техничар и Меррва Јусуфи од 2/11-економски техничар,настава на турски јазик.
- Од III(трета) година:Урата Мурсели  од 3/1-медицинска сетра,Рејхане Сефа-фармацевтски техничар ,Фатиме Рушити од  3/4-забен техничар ,Нора Груби од 3/5-економски техничар и Канита Бериша од 3/8-правен техничар.

### 3.8 Содржини програмирани од училиштето

Во рамките на содржините програмирани од училиштето,учениците од стручното реформирано образование  т.е. од прва до четврта година беа вклучени во проектни активности  од неколку подрачја  според насоки од  Министерството за образование и наука и ЦСОО.Во тој контекст програмираните содржини од училиштето беа опфатени во фондот на неделните часови и во распоредот  на часови. Се реализираа следниве програмирани содржини во следниве паралелки:

- Светско наследство во рацете на младите:од 1/1 до 1/12 во паралелките со четригодишно образование.
- Планирање на кариера:од 2/1 до 2/11 исто само кај паралелките со четригодишно образование

- Подготовка за вработување и работа:од 3/1 ,3/2,3/3, 3/4,3/7 и 3/8
- Ученичка компанија-Претприемачка практика за млади:3/5 и 3/6
- Презентациски вештини : од 4/1 до 4/10

## 3.9.Извештај за државна и училишна матура и завршен испит

Државната и училишната матура и завршниот испитсе реализира во два рока: јунски и августовски. Пријавувањето се одвиваше според предвиденaта агенда, како и останатите планирани активности, почнувајќи од: во октомври – избор на теми за проектни задачи. декемвриското пријавување, јануари – електронски внес на пријавите во базата на податоци на ДИЦ и верификација на списоците на кандидатите, изработка на проектната активност и во април одбрана на проектните задачи, екстерните  и интерните испити испити беа реализирани според календарот за работата на училиштето за учебната 2022/23 година. Резултатите беа објавени според предвидениот рок.

**Резултати од државна и училишна матура и завршен испит на сите наставни јазици**

| **Наставен јазик** | **Вид на образование** | **Државна матура** | | **Завршен испит** | | **Без диплома** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Албански Јазик | Стручно образование | Редовни | Вонредни | Редо. | Вонр. | Редо. | **Вонр.** |
| | 2022/23 | Положиле 219 | 7 | 33 пол. | / | | |
| | | Неположиле 20 | 14 | / | | | |
| Турски јазик | Стручно образование | Положиле 12 Неположиле 4 | | 4 пол. / | | 4 | |
| | 2022/23 | | | | | | |

## 4.Реализација на наставата

**Редовна настава по сите предмети (теоретска и практична)**

Теоретската настава се одвиваше според предвидените наставни програми по општо образование и стручни предмети, во согласност со наставниот план за гимназиско образование, економско-правната и трговската и здравственаструка. Наставниците

навремено ги подготвија своите годишни и тематски планирања и се придржуваа кон реализирањето на истите. Во своите планирања предвидоа и реализација на Еко содржините преку он лајн настава.
Практичната настава за учениците од стручното образование, економско – правна и трговска струка се одвива во училишните простории и во трговски претпријатија или друштва.Во текот на учебната 2022/23 година практичната настава се реализираше во , Супер Компани,Хипермаркет,Рабати трејд Кипер и Гипсимобилиа.
Практичната настава за учениците од здравствената струка се реализираше во училишните простории и во здравствените организации.
Се реализираше предвидениот фонд на часови по наставни предмети како и предвидениот број на наставни денови исто така скратени и тоа 180 за учениците од прва, втора и трета година и 166 за учениците од завршните години, односно четврта година.
Целокупната настава се реализираше според Програмските документи за воспитно-образовната дејност во средното образование, предвидени од страна на МОН, Секторот за образование на Град Скопје, БРО и ЦСОО.

**ИКТ во наставата**

Во текот на оваа учебна година, наставниците за ИКТ во наставата имаа на располагање 13 училници со функционални комјутери. Тие ја реализираа оваа настава до крајот на наставната година.
Лаптоповите со кои се задолжени наставниците се користат оптимално. Тие ги користат за подготовка на нивните планирања, годишни, тематски и дневни, за подготовка на тестови на знаења, за класна евиденција, за внес на податоци во е-дневникот, користење на интернет итн.

**Додатна и дополнителна настава**

На почетокот на учебната година, наставниците по општообразовните предмети подготвуваат тестови за да го констатираат предзнаењето на учениците пред се од прва година, односно да откријат со колкаво предзнаење учениците доаѓаат во средно образование. Од таа причина во училиштето се реализира и е позастапена дополнителна настава. Во текот на целиот воспитен-образовен процес на учениците им се овозможени разновидни форми на помош во совладувањето на програмските содржини, прилагодени на нивните специфични способности и можности, низ групна и индивидуална работа, упатување во суштината на содржината, методите за успешно учење. Дополнителна настава се реализира и за подготовка на учениците кои се упатени на поправен испит и испит на годината. Наставниците својата програма за работа ја доставуваат до 20 септември, а воедно ги доставуваат и термините за нејзиното одржување, кои се истакнуваат на видно место во училиштето, со цел учениците да се запознаени со истите.

За учениците кои во текот на задолжителната настава покажуваат зголемен интерес за некои дисциплини, е организирана додатна настава. Додатната настава се изведува според програми кои значат проширување и продлабочување на содржините по одделни предмети и подрачја, а кои придонесуваат за развој на талентот и интересот на учениците. За таа цел наставниците изработуваат програма за работа, која ја доставуваат до 20 септември, а воедно ги доставуваат и термините за нејзиното одржување, кои се истакнуваат на видно место во училиштето. За жал интересот за додатна настава кај учениците е многу мал бидејќи учениците имаат голем дневен фонд на редовни часови. Па поради сите овие, а и други причини реализацијата на додатната настава е отежната.Дополнителната и додатната настава е регулирана според Законот за средно образование.

## 5.Проекти и воннаставни активности

Реализирани се многу проекти според интересите на учениците :

| Р.б | Наслов на проектот | Опис на проектот | Одговорни | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Емис | Електронски систем | Елеонора Цикалова | Цела година |
| 2 | Електронски дневник | Електонски систем | Елеонора Цикалова Арта Зимери | Цела година |
| 3. | Државна матура | Организирање на државна матура | Вулнет Режепи Ридван Мустафа Берина Јакупи Елвиса нуредин | Цела година |
| 1. | Ден на мирот | Група на ученици во соработка со Амбасатата за деца Меѓаши го одржаа маршот на мирот низ градот | Валдета Хусеини Наиле Таири | 21 септември |
| 2. | Open up your options | Група ученици од здравствената струка го промовира нашето училиште Организиран од Центарот за млади КРИК | Берина Јакупи Ајла Билал | 5 октомври |
| 3 | Дигитализација Позитивни и Негативни ефекти | Предавања од специалисти од Институтот за ментално здравје за деца и млади | Стручна служба | 12 октомври |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ,,Младост,, | | |
| 4. | Крводарителство | Крводарителска акција ,на која беа собрани 18 единици крв-Црвен крст Чаир | Ајтене Ајдини Кадриу | 18 ноември |
| 5. | Нова година | Волонтерите од Клубот за едукација на млади на Црвен крст заедно со нашите активисти од Црвен крст на училиштето споделија 65 пакети за деца во селото Љуботен | Ајтене Ајдини Кадриу | 27 декември |
| 6. | Ден на прозата | Предавања од страна на писталектаМимоза Мустафаи Јонузи и промоција на романот ,,Молкот убива,, | Наставници од литературниот актив | 9 февруари |
| 7. | Најдобар есе | Нашето училиште во соработка со Центарот за млади ,,Акабе ,,организираше натпревар за најдобар есе ,,учествуваа сите средни училишта . Ученичката Зерина Чупи од 4/2 го освои третото место | Макфире Шасивари Сахадете Нухии | 9 февруари |
| 10. | Камп на иновации | 8 ученици учествуваа во дводневен натпревар во Кампот на иновации ,,Junior Achievment ,,каде предложија како да се произведуваат нови продукти од органски отпадоци каде освоија едно прво и второ место според групи | Адриан Етеми Алајдин Демири | 20февруари |
| 11. | Олимпиада на економистот | Натпревар по економски предмети на ниво на училиште,ученици од економсиот смер | Наставници од група економски предмети | 27 февруари 1 март |
| 12. | Здрава исхрана | Едукативни предавања за здрава исхрана и диетика и влијанието на исхраната врз менталното здравје | Стручна служба | 1 март |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ,учесници специјалисти диетолог Валбона Кадриу и клинички психолог Едлира Дестани | | |
| 13 | Евакуација и заштита од елементарни непогоди | Сите вработени и сите ученици учествааа во Вежбата за превентина евакуација и заштита од елементарни непогоди која се реализираше во три фази .Вежбата се реализираше во соработка со Црвен крст-Чаир | Група наставници и Црвен крст-Чаир | 3 март |
| 14 | Недела на спортот | Натпревар по мал фудбал во кој учествуваа сите паралелки ,јуниор и сениор категорија<br>Пво место 4/10-сениор<br>Пшрво место 2/6-јуниор | Самет Синани<br>Фадил Ќамили | 1-6 март |
| 15 | 7 Март-Ден на наставникот | Одбележан е Ден на наставникот со богата културна ,литературна и уметничка програма организиран од Заедницата на учениците | Јазичен и литературен актив | 7 март |
| 16. | Емоционална интелигенција | 6 групи по 5 ученици одржаа предања за Емоционалната интелигенција.<br>Предавањата беа оценети од страна на учениците и настаниците во вид на натпревар .како најдобар проект се прогласи групата со тема,,:Свеста,, | Психолог<br>Берина Јакупи<br>Дефектолог<br>Ајла Билал | 8- 15 март |
| 17. | Хуманоста нема граници | Клубот за едукација и превентива во соработка со ЦКРСМ-Чаир организираше хуманитарна акција за семејста со низок социјален статус ,поделени се пакети со исхрана во 12 семејства | Ајтене Ајдини Кадриу | 20 март |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 18 | Ден на екологијата | Во просториите на училиштето е организирана еколошка акција чистење и уредување на школскит двор со цел подигање на еколошката свест и заштита на животната средина | Сите класни раководители | 21 март |
| 19. | Ден на екологијата | Група на ученици во соработка со Град Скопје и ЈП Паркови и зеленило учествуваа во акцијата за садување на дрва во Зоолошката градина во Скопје | Јасмина Димитриевска | 22 март |
| 20 | Меѓуетничко образование и толеранција | ДСУ за рехабилитација образование„Св.Наум Охридски„-Скопје,С.У.Г.С Цветан Димов и С.У.Г.С „Орце Николов„-заеднички базар на кој беа изложени креативни творби и работени од членови на арт секцијата и на креативната работолница на текстилната струка и браварски операции. | Јасмина Димитриевска | 5 априлл |
| 21 | Историски ден | Посета на Државната аркива на РСМ,наставник по историја со ученици од прва година | Наставник Бурхан Муртезани | 6 април |
| 22 | Промоција на училиштето | Ученици и наставници од образовниот профил забен техничар го промовираа училиштето со презентации од конкретниот смер пред учениците од О.У. „Лирија„ | Арбнора Кајолли Миррвете Бериша | 12 април |
| 23 | Меѓуетничко образование и толеранција | Училиштата партнери Д.С.У за рехабилитација и образование на „Св.Наум Охридски„-Скопје и С.У.Г.С „Цветан Димов„-Скопје реализираа | Јасмина Димитриевска | 12 април |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | мултикултурни работилници за развој и унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција и толеранција и наука. | | |
| 24 | Саем на книгата | Посета на Саем на книгата-Скопје,ученици од трета година со наставник ментор по албански јазик и литература | Линдита Мурсели | 9 мај |
| 25 | Меѓународен ден на Црвен крст | По повод Меѓународнитот ден на Црвен Крст,со инициатива на Црвен Крст - Град Скопје се одржа манифестцијата Оскар на хуманизмот на кој се доделија награди и Осакрот го доби нашето училиште поточно Клубот за едукација и превентива при С.У.Г.С Цветан Димов и ментор Наставник Ајтене Ајдини Кадриу | Ајтене Ајдини Кадриу | 10 мај |
| 26 | Меѓународен ден на инфермиерството | Панел -дискусија за улогата на медицинската сетра во здравството | Валдета Хусеини<br>Наиле Таири<br>Нуран Алидеми | 12 мај |
| 27 | Натпревар по прва помош | Црвен Крст на РСМ-Општинска организација Чаир организираше натпевар по прва помош,учесници 15 екипи во категоријата подмладок и млади.Нашите ученици усвоија прво место во категоријата млади | Ајтене Ајдини Кадриу<br>Беса Лусјани | 20 мај |
| 28 | Отворен ден на училиштето | Промоција на сите образовни профили пред основношколците и родителите | Сите класни раководители | 31 мај |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Почестен гостин Претседателот на Северна Република Македонија г.Стево Пендаровски | | |

**Соработка и посета на институциите на државни и приватни субјекти**
Во рамките на економско-правна и трговска струка, наставниците по стручни предмети остваруваат соработка со субјекти, како што се: Централен регистар на РСМ, посета на Здравствениот актив соработуваше со Црвен крст Чаир и учениците учествуваа доброволно во крводарителната акција која се реализира на 08 декември во просториите на нашето училиште и проектот Месец на сиромаштијата за кое беа ангажирани ученици активисти на Црвен Крст со хуманитарни активности .

## 6.Работа на управните и стручните органи и тела

### 6.1. Училишен одбор

Во текот на учебната 2022/23 година, Училишниот одбор има одржано 9 состаноци на кои се усвоени следниве документи:
-Годишната програма за работа на училиштето и го усвои Извештајот за работа на училиштето во изминатата учебна година,
-предлага годишен финансиски план до Министерството,предлага завршна сметка,
-Донесува годишен план ја јавни набавки.
-Донесува одлука за спроведување попис.
-Одлучува за приговори и жалби на вработени,ученици и родители,
-Формира Комисија за прибирање на понуди за екскурзија,
-Разгледува и други прашања утврдени со Статутот на училиштето.
-Формирање на инклузивен тим на училиштетето
Членови на УО:
Основач:Арјета Алиу,Назмије Бела,,Севдаир Азири
МОН:Ајла Буши
Претставник од Стопанска комора:Оргест Алити
Родители:Шехназ Шаини,Менсур Цури и Шаип Јакупи
Наставници:Рејхан Сопа,Хамиде Ибраими,Арбнора Ибрахими
Претседател на УО:Африм Сулејмани

### 6.2.Наставнички совет на училиштето

Во текот на учебната 2022/23 година одржани се 11 состаноци на Наставничкиот совет , на кои беа разгледени следниве аспекти на наставата:

-успехот и певедението на учениците по класификациони периоди,

-предлози и мерки за подобрување на успехот и поведението,

-изрекување на педагошки мерки и пофалби на учениците,

-актуелни прашања од наставата и прашања од стручен карактер

-останати прашања повразани со работа на училиштето

## 6.3.Совет на годината и паралеката

- ја организира и реализира наставата во целост,ги сумира резултатите од работата на учениците по класификациони периоди,

-ги утврдува полугодишните и годишните оценки на учениците ,поведението ,изрекува педагошки мерки

-соработува со Одборите на родителите

-предлага мерки на Наставничкиот совет за надминување на одредени слабости во работењето

## 6.4.Совет на родители

Во насока на подобрување на воспитно-образовната работа интезивирана е соработката со родителите и старателите на учениците, одржани се предвидените родителски состаноци, состаноци на Советот на родителите, а секој раководител на паралелката и предметен аставник во рамките на приемните денови остваруваше средба со родителите, односно со старателите на учениците.

Во текот на учебната 2022/23 година одржани се 2 состаноци на кои се разговараше за подобрување на успехот на учениците, намалување на изостаноците на учениците, подобрување на дисциплината на учениците .

## 6.5.Раководители на паралелките

Ја следеа работата ,редовноста и поведението на учениците ,се грижеа за редовно изведување на наставата во паралелката,одобруваа отсуство на ученици ,пафалуваа и изрекуваа педагошки мерки на ученици ,соработуваасо родителите на учениците.

## 6.6.Менаџерски тим на училиштето

Менаџерскиот тим во училиштето го сочинуваат Директорот, помошници на директорот.

Менаџерскиот тим го предводи Директорот кој е раководен орган и е одговорен за законитоста во работењето на училиштето.

Менаџерскиот тим преку негување на тимската работа се стреми кон остварување на крајната цел: подобрување на воспитно-образовната работа и постигнување на подобри резултати во учењето и работењето на училиштето.
Членовите на менаџерскиот тим, секој во рамките на своите надлежности дава свој придонес во :
-изготвување на годишната програма за работа на училиштето
-изготвување план за работа на Наставничкиот совет
-избор на наставници
-подготовка и водење седници на Наставничкиот совет
-посета на часови
-организирање и координирање на работата во училиштето
-следење на воспитно-образовата работа и грижа за целосно реализирање на наставните програми
-грижа за навремено и правилно водење на педагошката евиденција и документација
-стручно усовршување на наставниците
-следење на наставниците и учениците и предлагање мерки за подобрување на истата
-анализа и следење на успехот и поведението на учениците
-унапредување на соработката со родителите, одосно старателите на учениците
-посета на семинари и советувањ
-следење на работа на наставниците

## 6.7.Активи

Стручните активи ги насочија своите активности на усовршување  и прилагодување на програмите на ниво на возраста на учениците,осовременување на наставата и стандардизирање на оценувањето,примена на современа настава со воведување  на новите техники на учење ,соработка со родителите и учениците,стручно усовршување на наставниците со посета на семинари ,обуки ,предавања и слично.

## 7.Извори на финансирање

Средствата за финансирање на училиштето се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.
Средстата од Буџетот, Градот Скопје ги распоредува по пат на блок дотации и наменски дотации на средните училишта за обезбедување на реализацијата на воспитно-образовниот процес, во согласност со утврдените стандарди и нормативи.
Училиштето стекнува средства по основ на сопствени приходи од давање на образовни услуги, на вонреднио кандидати, издавање под закуп на делови од училиштето.

Средствата по основ на сопствени приходи наменети се за унапредување, осовременување и развој на дејноста на училиштето.

## 8.Соработка со медиуми

Училиштето својата комуникација со јавноста и промоција на училиштето ја реализира преку следните форми: Инстутуции од областа на културата, институции од областа на образованието, невладини организации, спортски друштва.

Август .2023

Директор
Сакип Аџами